Влада на Република Северна Македонија

Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество

| | |
|---|---|
| Дата: | 19.06.2026 |
| Архивски број: | 34 – 18 / 3 |
| До: | **Министерство за правда** |
| Предмет: | Поддршка на реакцијата на Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата за заштита на демократското учество и граѓанскиот простор во процесот на измените на Законот за лобирање |

Почитувани,

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, на 12.седница одржана на 16.06.2026 година, се информираше за реакцијата на Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата за заштита на демократското учество и граѓанскиот простор во процесот на измените на Законот за лобирање.

На 24.02.2026 година, на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) Министерството за правда објави Известување за почеток на процесот за подготовка на Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за лобирање. Согласно објавеното известување, цел на овие законски измени е усогласување со меѓународните стандарди за регулирање на лобирањето, односно јакнење на механизмите за обезбедување транспарентност на влијанијата во процесите за подготовка на прописи, стратешки и програмски акти.

Разгледувајќи ги аргументите на Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата, Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество смета дека измените на Законот за лобирање треба да се фокусираат на вистинските слабости на системот, односно прикриеното и нерегистрирано комерцијално влијание врз носителите на одлуки и да се направи јасна разлика меѓу комерцијалното лобирање за приватни интереси и легитимното граѓанско застапување за јавен интерес. Во спротивно, секое поистоветување на овие категории ќе значи загрозување на граѓанскиот простор, социјалниот дијалог и уставно загарантираното право на учество во креирањето јавни политики.

Советот укажува на неопходноста од транспарентен и инклузивен процес на подготовка на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за лобирање, консултации преку Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) и доставување на текстот на предлог-законот на мислење до Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, пред негово доставување до Владата на Република Северна Македонија за разгледување и утврдување.

Со почит,

Претседателка на Советот за соработка
меѓу Владата и граѓанското општество
Никица Кусиникова

ПРИЛОГ: Платформа на граѓански организации за борба против корупцијата - Документ за позиција (Position Paper) Граѓанското застапување не е лобирање: Заштита на демократското учество и граѓанскиот простор во процесот на измените на Законот за лобирање